Илјадници предмети криени во судските фиоки со натрупани камати ќе стигнат за извршување

Кај извршителите наскоро ќе се најдат над 2.000 предмети за извршување што Основниот суд во Струмица со години ги криел во фиоки. Народниот правобранител Ицет Мемети обелодени дека струмичкиот суд криел тужби за неплатени сметки од 2005 до 2011 година. Граѓаните должници сега ќе треба да ги платат заостанатите сметки со каматите што се натрупувале, а кои сега се 10 до 20 пати поголеми од основниот долг, алармира народниот правобранител.

Тужбите се од операторот ВИП, ЈП „Македонски шуми“ - Беласица, „Македонски телекомуникации“, а има и такви претпријатија што веќе не постојат, како што е ЕСМ. Компаниите тужеле навреме, но судиите овие предмети не ги работеле.

Некои од тужените граѓани на Струмица и околината веќе поднеле тужби до Врховниот суд за судење во разумен рок, некои поднеле претставки до народниот правобранител. Но ни едното ни другото не може да ги спаси од обврските да ги платат огромните долгови, зашто Основниот суд во Струмица воопшто не ги работел овие предмети.

- Последиците од ваквото неработење, доколку тужбите во меѓувреме бидат уважени, ќе одат на директна штета на граѓаните и тоа без нивна вина. Покрај главниот долг тие ќе треба да платат огромни средства за камата и трошоци. Она што загрижува е фактот што ниту една од надлежните институции, пред сè Судскиот совет на Република Македонија, не ја забележале оваа појава иако станува збор и за долг временски период и за голем број предмети - вели Мемети.

Во одговорот до народниот правобранител, новата претседателка на струмичкиот суд, Марина Абрашева, потврдува дека во мај минатата година ги открила овие зафрлени деценски предмети, но вели дека тие судии што заминале се во пензија, а еден од нив бил починат. Старите предмети веќе ги распределила кај судиите од граѓанскиот оддел, што значи дека ако станат правосилни, граѓаните ќе мора да си ги платат долговите со енормни камати, бидејќи компаниите не отпишуваат долгови поради ненавремено постапување на судот.

Вакви стари предмети со натрупани камати извршителите добија од судовите во 2011 година. Со одлука на Министерството за правда, над 600 илјади предмети, некои стари и по 15 години, од судовите беа дадени за извршување. Каматите беа неколкукратно повисоки од главниот дол, па незадоволните граѓани својот гнев го свртеа кон извршителите, кои ги реализираа достасаните платни налози од судовите.

УЈП блокирала социјален случај за радиодифузна такса

Управата за јавни приходи блокирала корисник на социјална помош за неплатена радиодифузна такса. По интервенција од народниот правобранител, постапката за присилна наплата е запрена.

Ова не е единствениот случај што против УЈП го забележал народниот правобранител во извештајот за 2017 година. Граѓанин од Кичево бил блокиран од УЈП за наплата на парична казна за наводен сообраќаен прекршок во висина од 300 евра. УЈП ставила забрана на една третина од платата во претпријатието каде што тој работел. Но човекот се пожалил дека никогаш не сторил таков прекршок. По интервенција од народниот правобранител е откриено дека пресудата се однесува за друго лице, а по грешка на судот напишан е погрешен матичен број.



Извршителите лани наплатиле рекордни 166 милиони евра

Минатата година извршителите во Македонија постигнале рекорд во наплатата во своето дванаесет годишно постоење. Успешно биле реализирани дури 63,3 отсто од вкупно 88.723 поднесени барања или на доверителите им биле вратени рекордни 166 милиони евра, покажува извештајот на Комората на извршителите за 2017 година.

Само за споредба, во 2016 година процентот на реализирани предмети бил најнизок со само 24 отсто, а тогаш до канцеларииите на извршителите стигнале најмногу предмети, дури 227.836.

Повеќе од половината од наплатените пари или 94 милиони се собрани во Скопје иако реализацијата таму е само 14 отсто. Најголема реализација има во Штип и во Свети Николе со 24,7 отсто, а најниска во Тетово со само 8,23 отсто. Најмалку пари наплатиле извршителите во Прилеп и во Крушево 2,698 илјади евра.

Извештајот на КИРМ покажува дека за 12 години постоење извршителите наплатиле 1,115 милион евра.

Во полза на државата извршителите лани собрале 3 милиони евра, што е значително помалку во споредба со 2016 година кога во државната каса биле вратени 4,1 милиони евра.

На стопанството извршителите му вратиле најмногу пари, дури 147 милиони евра, а на физичките лица назад им се вратени 16,5 милиони евра.

Но извештајот на Комората покажува дека се намалува сумата што извршителите ја наплаќаат од државата. Лани собрале 11,6 милиони евра, во 2016 година 14,6 милиони евра, а во 2015 г. од државата биле наплатени 15,7 милиони евра.

Статистиката на комората покажува дека бројот на претставките против извршителите од година на година се намалува. Во 2016 година биле поднесени 297, во 2015 година 352, а лани до Комората на извршители се доставени 249 претставки против извршителите. Повеќето од претставките се поднесени од должниците 167, доверителите доставиле 61, од страна на трети лица се доставени 19 претставки, а 2 од учесници во постапка пред суд. Ниту една од претставките не е прифатена. Три се делумно прифатени поради повреда на тарифата. Неколку претставки се повлечени или во меѓувреме се решени. Во еден случај се дава иницијатива за вршење надзор. Во извештајот стои дека три претставки остануваат нерешени и се префрлени во 2018 година.

Министерството за правда минатата година поднело три дисциплински против извршители. Дисциплинската комисија на комората изрекла две парични казни и една јавна опомена.

Народен правобранител - ЕВН да донесе процедура, а не плаќањето на долгот на рати да зависи од шефот

Народниот правобранител повторно констатира дека ЕВН сè уште нема донесено интерен општ акт, со кој на сите корисници, а особено на припадниците на ранлива категорија граѓани и на лица што се наоѓаат во тешка финансиско-материјална состојба, ќе им бидат понудени еднакви можности и услови за повторно приклучување или за плаќање на долгот на повеќе рати што, пак, ќе доведе до еднаков третман за сите, а не за истото тоа од одредени раководители да се одлучува самостојно и селективно.

Не постојат ниту ефикасни процедури за евиденција на поединечните уплати на граѓаните за тужен долг и следствено на тоа, информирање за таквата состојба на извршителот што го спроведува извршувањето, поради што истиот долг им се наплаќа двојно.

Народниот правобранител бара да се направат квалитетни измени на Законот за извршување, со кои ќе се скратат високите трошоци и камати при извршување.

Правобранителот во својот годишен извештај препорачува од Законот за извршување да се изземат средствата од субвенции за земјоделство и сточарство.

- Да не се применуваат мерките за присилна наплата на долгот (блокирање на трансакциските сметки) во постапките за извршување, сè додека извршителот не добие информација за основата на примања што ги остварува должникот. Извршителот да не презема мерки за наплатата на долгот со кој е задолжен должникот во постапките за извршување, без уредно и навремено да го информира должникот за постапката на извршување - стои во препораките на народниот правобранител.